Уп. Бр.08-44/2020

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ПЕТРОЛ Словенечко енергетско друштво а.д. Љубљана (PETROL., Slovenska energetska druzba, d.d., Ljubljana), со седиште на Дунајска цеста бр. 50,  1000 Љубљана, Словенија, преку Адвокатско друштво Бона Фиде од Скопје на седницата одржана на ден 23.06.2020 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која ПЕТРОЛ Словенечко енергетско друштво а.д. Љубљана (PETROL., Slovenska energetska druzba, d.d., Ljubljana), со седиште на Дунајска цеста бр. 50,  1000 Љубљана, Словенија, ќе стекне контрола над Е3, ЕНЕРГЕТИКА, ЕКОЛОГИЈА, ЕКОНОМИЈА ДОО, (E3, ENERGETIKA, EKOLOGIJA, EKONOMIJA DOO) ул. Ерјавчева улица 24, 5000 Нова Горица, Република Словенија по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на 25.03.2020 година, а дополнето на 27.03.2020 година и на 06.05.2020 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од ПЕТРОЛ Словенечко енергетско друштво а.д. Љубљана (PETROL., Slovenska energetska druzba, d.d., Ljubljana), со седиште на Дунајска цеста бр. 50,  1000 Љубљана, Словенија со која ПЕТРОЛ Словенечко енергетско друштво а.д. Љубљана ќе стекне контрола над Е3, ЕНЕРГЕТИКА, ЕКОЛОГИЈА, ЕКОНОМИЈА ДОО, (E3, ENERGETIKA, EKOLOGIJA, EKONOMIJA DOO) ул. Ерјавчева улица 24, 5000 Нова Горица, Република Словенија, по пат на купување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ПЕТРОЛ Словеначко енергетско друштво а.д. Љубљана** е акционерско друштво регистрирано согласно законите во Република Словенија, кое има регистрирано повеќе дејности, но главна дејност е трговија со нафтени производи, останати трговски добра и услуги. Компанијата поседува низа компании во Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Австрија, Чешка и Романија преку кои обавува дејност на продажба на нафта и нафтени деривати, гас, дистрибуција на нафта и гас, трговија со разни стоки во рамките на својата мрежа на бензиски пумпи, трговија со електрична енергија и слично.

На пазарот во Република Северна Македонија ПЕТРОЛ Словеначко енергетско друштво а.д. Љубљана е присутно преку Друштво за трговија со електрична енергија ПЕТРОЛ-ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ Скопје, ул. Беласица бр. 2, Скопје, Република Северна Македонија, со дејност - трговија на електрична енергија.

**Друштвото Е3, ЕНЕРГЕТИКА, ЕКОЛОГИЈА, ЕКОНОМИЈА ДОО**, Словенија има регистрирано повеќе дејности, но главна дејност е снабдување со електрична енергија на крајните потрошувачи во Словенија, особено во регионот Приморска. Друштвото преку развивање на обновливи извори на енергија и воведување нови технологии обезбедува економични и еколошки извори на енергија на своите клиенти.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**